Врз основа на член 10 од Законот за градот Скопје (”Службен весник на Република Македонија” бр.55/04 и 158/11), а согласно Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 година („Службен гласник на Град Скопје” бр. 18/22) и член 2 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства наменети за реализација на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2023 година со бр.08-3268/1 од 29.03.2023 година, Градот Скопје објавува

# Јавен повик
# за прибирање барања
# за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, наменети за кофинансирање на програмски активности на здруженија, фондации и други правни лица

## 1. Право на учество

1.1 Право на учество на Јавниот повик имаат здруженија, фондации и други правни лица.

## 2. Временска рамка и начин на распределба на средствата

2.1 Распределбата на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2023 година (Програма Н2 Услуги за вонучилишни наставни активности во соработка со невладини организации ставка 425 конто 425750) наменети за финансирање на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица ќе се врши врз основа на критериумите и приоритетите утврдени во Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства наменети за реализација проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2023 година.

## 3. Видот на проектите кои ќе бидат поддржани

3.1 Средствата од Буџетот на Град Скопје во вкупен износ од 2.000.000 денари, ќе се користат за финансирање на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица преку грантови за проекти кои ќе се реализираат во средните училишта под надлежност на Град Скопје, насочени кон следниве приоритети:

1. *Унапредување на дигиталната писменост на сите членови на училишните заедници;*

2. *Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со врсничко и со сајбер-насилство;*

3. *Унапредување на животната средина преку подигање на свеста на средношколците за личната одговорност во одржувањето на чистата и здрава животна околина;*

4. *Истражувања и промоција на родовата рамноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста на средношколците;*

5. *Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици и наставници и ќе се претставаат резултатите на воспитно-образовната дејност пред поширокта јавност.*

## 4. Основни организациски критериуми

4.1 Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата, фондациите и другите правни лица кои учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија со седиште во Скопје;
- Да имаат потврда од банка за активна трансакциска сметка.

## 5. Проценка на квалитетот на проектите

5.1 Проценката на квалитетот на проектите на здруженијата, фондациите и другите правни лица кои ги исполнуваат основните организациски критериуми, ќе се врши врз основа следниве општи програмски критериуми:

| **Области** | Максимум бодови |
|---|---|
| 1. **Организациска структура и ресурси** | **30** |
| 1.1 Проценка на квалитетот на организациската структура и човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2 Стручни лица кои учествуваат во спроведување на проектот | 10 |
| 1.3 Дали здружението, фондацијата и другите правни лица располагаат со канцелариски простор и техничка опрема за спроведување на проектот | 10 |

| | |
|---|---|
| **2. Кофинансирање на проектот** | **20** |
| 2.1 Дали здружението, фондацијата или правното лице обезбедува повеќе од 15 проценти на сопствено учество во остварување на проектот | 10 |
| 2.2 Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории/позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на проектот** | **40** |
| 3.1 Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети, колку е јасна и соодветно определена | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 3.4 Дали планот за спроведување на проектот е јасен и остварлив | 10 |

5.2 Максимум бодови кои може да ги добие апликантот се вкупно 90 бода.

Секоја област од општите критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

6. **Апликантите кои учествуваат на Јавниот повик треба да ја доставaт следната документација:**

- компјутерски пополнета **пријава** за финансиска поддршка на Организацијата, потпишана и заверена од овластено лице (достапна на веб страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- компјутерски пополнет **образец** за предлог проект (достапен на веб страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- копија од решението за регистрација во Централен регистар на Република Северна Македонија;
- копија од тековна состојба на субјектот не постара од 6 месеци издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- телефон за контакт, адреса и електронска адреса **на лицето задолжено за водење на проектните активности**;
- потврда од банката за активна трансакциска сметка;
- уверение за платени даноци издадено од даночни органи;
- потврда за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса); Оваа потврда ја поднесуваат само правните лица.
- изјава дека за приложениот предлог проект не се добиени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје во тековната година и истиот нема да биде двојно финансиран од Буџетот на Град Скопје се до негово завршување.

7. **Дополнителна документација која што здруженијата, фондациите и другите правни лица во прилог можат да ја достават е следната:**

- годишен буџет на апликантот за тековната година;
- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- референтна листа или доказ (на пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која се аплицира;
- најмалку две препораки/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти и
- писмена поддршка од организациите или институциите за кои ги пријавуваат како учесници во реализацијата на проектот.

7.1 Здруженијата, фондациите и другите правни лица **НЕ можат** да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по овој Јавен повик.

7.2 Во поднесениот предлог проект, здруженијата, фондациите и другите правни лица **треба да се определат за еден од приоритетите наведени во точка 3 во јавниот повик**, во рамки на кој ќе го реализираат проектот.

7.3 Активностите предвидени во предлог-проектите на здруженијата, фондациите и другите правни лица, треба да бидат наменети **исклучиво за 23-те средни училишта во надлежност на Град Скопје**, а во временската рамка: мај, јуни, септември, октомври, ноември до 5-ти декември 2023 година. Начинот на изведување на активностите треба да биде соодветен на начинот на кој ќе се изведува наставата во училиштата, односно со физичко присуство или on-line активности.

**Напомена: Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.**

**8. Начин на спроведување на Јавниот повик**

8.1 Евалуацијата на проектите ќе ја изврши Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

8.2 Проектите кои по извршената евалуација од страна на Комисијата ќе бидат вреднувани со помалку од 55 бодови нема да бидат квалификувани за добивање финансиска поддршка од Град Скопје.

8.3 Апликантите чии проекти нема да бидат финансиски поддржани, ќе бидат писмено известени од страна на Комисијата.

8.4 Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува Претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот. Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата во рок од 15 дена од денот на доставување на преглогот, донесува Решение за доделување на финансиски средства. Користењето на доделените

средства ќе биде регулирано врз основа на случен Договор со Град Скопје.

8.5 Здруженијата, фондациите и другите правни лица чиј предлог проект ќе биде избран за финансирање, нема да имаат право да ги менуваат активностите и временската рамка за нивна реализација, опишани во проектот со кој аплицирале, освен со претходно добиена писмена согласност од Град Скопје.

**9. Рок и начин на доставување на пријавите**

9.1 Рокот за поднесување на пријавите е 14 календарски денови од денот на објавувањето во дневните весници, односно истиот ќе трае од 10.04 до 24.04. 2023 година.

9.2 Пријавата со целокупната документација може да се достави преку Архивата на Град Скопје на адреса: бул. ”Илинден” бр.82, 1000 Скопје со назнака Сектор за образование — Пријава за јавен повик, или да се испрати преку пошта заклучно со ден 24.04. 2023 година.

9.3 Здруженијата, фондациите и правните лица учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија, фондации и други правни лица.

**Пријавата за реализација и финансирање на проекти од областа на образованието и Образецот, се достапни на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk во делот Објави, конкурси, настани — Јавни повици.**

Прашања за појаснување може да се поставaт на електронската адреса на Наташа Спасова - Natasa.Spasova@skopje.gov.mk, и на електронската адреса на Маја Атанасијевиќ - Maja.Atanasijevik@skopje.gov.mk, како и на телефонските броеви на Сектор за образование 02/3297- 319 и 02/ 3297-317.